Организацискиот одбор на **55. Детски Рацинови средби** распишува кокурс за предметните наставници од основните училишта, за изработка на мултимедијален ИКТ проект, инсприран од ликот и делото на безвремениот Коста Солев Рацин на тема:

## „Рацин – поет на болката и љубовта“

Право на учество имаат сите предметни наставници со своите ученици од основните училишта во државава.

Мултимедијалниот проект треба да биде инспириран од животот и делото на бесмртниот Рацин. Креативноста во изработката е на самиот наставник и учениците, а во него ќе се вреднува оригиналноста, иновативноста, интерактивноста, инспиративноста, современите методи и форми на работа.

Секој наставник има право на учество со еден ИКТ проект. Снимката од активностите и презентациите да не биде подолга од 10 минути.

Изработките во форма на ИКТ содржини треба да бидат испратени најдоцна до 31.10.2022 година на следната електронска адреса: detskiracinovi55@gmail.com со назнака „За мултимедијален ИКТ проект“, со следните податоци: име и презиме на наставникот, училиште, место, е- адреса и телефон за контакт.

Најдобрите три проекта ќе бидат избрани од страна на стручна жири-комисија, формирана од организаторот.

**Рацинови следбеници, Ве очекуваме!**

**Со почит,**

**Организациски одбор на 55. Детски Рацинови средби**

Здружение на граѓани ПЛУС ПУБЛИКА Велес